Врз основа на член 25, а согласно член 104 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ бр. 52/2010), и член 42 од Статутот на Здружението на контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ Илинден, на седницата одржана на ден 18.02.2023 година донесе нов усогласен:

# СТАТУТ

**На Здружение на контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ**

Член 1

Здружението на контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ Илинден е непрофитна, невладина и непартиска организација – настаната со слободно здружување на граѓани – контролори на летање формирано заради остварување на заедничките и лични потреби на своите членови, односно заради унапредување, развој и афирмација на професијата контролор на летање, како и заради придонес на неговите членови во унапредувањето и подобрувањето на организацијата на работата.

Член 2

Здружението на контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ Илинден како здружение на граѓани своите цели и задачи ќе ги остварува во согласност со Уставот на РСМ и Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010 и 135/2011), Статутот на Здружението на контролори на летање на Македонија – ЗКЛМ Илинден, како и други законски и подзаконски акти кои ги уредуваат областите во кои ги остварува своите дејности.

## НАЗИВ И СЕДИШТЕ

Член 3

Називот на здружението ќе биде:

Здружение на контролори на летање на Македонија Илинден

Скратениот назив на здружението гласи: ЗКЛМ Илинден.

Во контактите со меѓународните организации ќе се користи скратениот назив: "MATCA" - Macedonian Air Traffic Controllers Association.

Член 4

Седиштето на здружението се наоѓа во Општина Илинден, во зградата на М-НАВ а.д. Скопје на Меѓународен Аеродром Скопје со адреса ул. Босфор бр.7, Мралино, 1041 Илинден, Република Северна Македонија.

Член 5

Здружението на контролори на летање на Македонија е правно лице.

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е со кружна форма и на него стои називот на здружението и седиштето: Здружение на контролори на летање на Македонија Илинден, а во средината помеѓу две тетиви стои скратениот назив ЗКЛМ.

Здружението има своја ознака – амблем во вид на круг, со раб во сина боја и три концентрични кругови во сина боја. Круговите се поврзани во долната половина со линии кои симулираат приказ на движење на радарска глава. Во средината има цртеж на контролна кула во сина боја, под кој стои скратениот назив на Здружението на соодветната јазична верзија во сина боја. Во полето помеѓу работ и првиот круг е вметнато името на Здружението на соодветната јазична верзија (македонски, албански и англиски јазик) во црна боја, како и по три ѕвезди од двете страни во сина боја. ЗДРУЖЕНИЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА; SHOQATA E KONTROLLORËVE TË TRAFIKUT AJROR TË MAQEDONISË; MACEDONIAN AIR TRAFFIC CONTROLLERS ASSOCIATION.

Штембилот е со правоаголна форма и истиот содржи: назив на здружението, седиште, број и датум.

Член 6

Работата на Здружението на контролори на летање на Македонија е јавна.

Јавноста во работењето се остварува преку транспарентно објавување на Статутот и другите акти, со редовно известување на членовите за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на Здружението на контролори на летање на Македонија, за материјално-финансиското работење и друго.

## НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Член 7

Органите на Здружението се должни да обезбедат редовно, навремено, стручно и целосно информирање на јавноста за работата на Здружението.
За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатените и електронски медиуми, како и интернет страницата на Здружението.

Член 8

Информирање на јавноста ќе се врши на следните начини:

- преку издавање на стручни публикации и информатори;
- организирање на семинари и собири;
- преку остварување на контакти со претставници на средствата за јавно информирање;
- преку огласна табла;
- преку објави на интернет страницата на Здружението; и
- преку други форми на информирање.

Член 9

Здружението на контролори на летање на Македонија е непрофитна организација.

Здружението на контролори на летање на Македонија не може да врши партиски активности или да го користи својот имот и средства за остварување на партиски цели.

Член 10

Здружението на контролори на летање на Македонија го претставува и застапува Претседателот на здружението.

## СТАТУТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 11

Со статутот се уредуваат прашањата поврзани со остварувањето на вршење на дејностите на Здружението:

- Името и седиштето на здружението;
- Целите на здружението;
- Дејности со кои се остваруваат целите;
- Начин на одлучување, зачленување, исчленување и престанок на членувањето во здружението;
- Правата, обврските и одговорностите на членовите;
- Услови и начини на пристапување и исклучување од здружението

- Видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- Застапувањето по закон;
- Начинот на стекнување и располагање со средствата;
- Изготвување на критериуми за доделување на средства на здружението;
- Начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- Начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- Начинот на донесување на планови и програми;
- Определување на услови за основање на организациони единици;
- Чување на тајноста на определени документи односно податоци од доверлива природа;
- Надзор при работата на здружението;
- Соработка со заинтересирани органи, организации, стручни установи и др;
- Начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- Начинот на одлучување за статутни промени и престанок на здружението;
- Постапување со имотот на здружението во случај на престанок на здружението и
- Други прашања утврдени со законот.

## ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 12

Членувањето во здружението е доброволно.

Членовите во здружението можат да бидат редовни и почесни.

Редовен член на здружението може да биде секое лице државјанин на Република Северна Македонија со навршени 18 (осумнаесет) години кое е активен контролор на летање или помошник контролор на летање.

Контролорите на летање кои се пензионирани или ги изгубиле овластувањата на контролор на летање можат да членуваат како редовни членови.

Во здружението можат да членуваат и странски државјани.

Одлуката за членство на странски државјани во здружението ја донесува Собранието на здружението.

Почесен член е лице кое го стекнува членството со одлука на Собранието на здружението поради посебни заслуги во истото.
Зачленувањето се врши со давање пристапна изјава, по донесена одлука на Собранието.

Здружението за своите членови води регистар на членови кој се ажурира еднаш годишно.

Член 13

Здружението може да издава и членска легитимација отпечатена од обете страни.

На лицето се испишани амблемот и името на Здружението, име и презиме, како и регистрациски број на членот.

На опачината е запишано полното име и амблемот на Меѓународната организација на контролорите на летање, IFATCA.

Член 14

Членот на Здружението може да бира и да биде избран во органите на здружението.

Членот има право да го изнесува своето мислење по сите прашања во врска со работењето и остварувањето на целите и задачите на Здружението.

Член 15

Членот на Здружението сноси одговорност кога неговите активности и работа се во спротивност со целите и задачите на Здружението.

Член 16

Членувањето во Здружението престанува на еден од следниве начини:
- со изјава за истапување од членот доставена до Здружението;
- со одлука на Собранието;
- автоматски со неплаќање на две членарини;

Членувањето во Здружението престанува со донесување одлука од страна на Собранието, поради активности спротивни на целите и задачите на Здружението.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 17

Здружението на контролори на летање на Македонија е доброволно здружение на граѓани кое делува на територијата на Република Северна Македонија, а е организирано заради остварување на заедничките и лични потреби на своите членови, односно заради унапредување, развој и афирмација на професијата контролор на летање, како и заради придонес на неговите членови во унапредувањето и подобрувањето на организацијата на работата при извршувањето на задачите, и има особено за цел:

- да се создадат поповолни услови за успешно извршување на задачите кои се поставуваат пред контролорите на летање и нивно постојано подобрување и унапредување;
- да работи на создавање и одржување на висок стандард, знаење и професионална ефикасност во работата;
- да ги штити интересите на професијата контролор на летање;
- да придонесува за подобрување на безбедноста, ефикасноста и редовноста на воздушната пловидба;
- да го следи и активно да учествува во унапредувањето и развојот на безбеден и добро организиран систем на контрола на летање;
- да ја следи активноста и да учествува во работата на Меѓународната Федерација на Здруженија на контролори на летање – IFATCA;
- да соработува со други сродни професионални организации и органи во системот на обезбедување на воздушна пловидба.

Член 18

Во успешното и рационално остварување на дејностите на здружението ќе бидат ангажирани и други стручни служби и институции кои по природата на работите се во тесна врска со работењето на контролорите на летање.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 19

Здружението ќе биде организирано и ќе работи преку свои комитети, и тоа:

- Комитет А, надлежен за организација на здружението (општ сектор);
- Комитет Б, надлежен за спроведувањето на технологијата на работа, набавка на технички средства и опрема (финансиско-економски сектор); и
- Комитет Ц, надлежен за грижа за статутот, школувањето – обука и дообука, како и работното време на членовите на Здружението (социјално – научен сектор).

Член 20

Секој комитет број 3 (три) члена, кои ги именува и разрешува Собранието на Здружението за време од 2 (две) години и истите можат да бидат повторно именувани.

Со работата на секој комитет раководи Претседател, кој се бира од редот на членовите на Комитетот.

За својата работа Комитетите одговараат пред Собранието и во таа смисла даваат извештаи.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НИВНИ ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 21

Во Здружението се формираат следниве органи:
- Собрание
- Совет
- Надзорен одбор

## СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 22

Собранието е највисок орган на Здружението.

Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

Член 23

Седница на собранието свикува Претседателот на Здружението.

Седница на собранието се свикува и по предлог на извршниот орган (Советот) или на 1/5 од вкупниот број на членови на собранието.

Ако Претседателот на собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува извршниот орган или иницијаторите.

Член 24

Седница на Собранието може да се одржи, односно да работи и полноправно да одлучува само ако се присутни повеќе од една третина од членовите на Собранието.

Собранието донесува одлуки со јавно гласање со дво-третинско мнозинство на гласови од присутните на седницата.

На барање на повеќе од 1/3 од членовите на ЗКЛМ, или по предлог на Претседателот на ЗКЛМ, Советот на ЗКЛМ може да донесе одлука седници на Собранието на ЗКЛМ да можат да се одржуваат и преку средства за телекомуникации, кои овозможуваат истовремена аудио и визуелна комуникација, со што одлуките на Собранието донесени на седници одржани без физичко присуство на членовите подоцна мора да бидат потврдени со своерачен потпис од членовите кои присуствувале на тие седници.

## Член 25

Претседателот на здружението или неговиот заменик ја врши функцијата Претседател на Собранието и раководи со работата на Собранието.

Претседателот и неговиот заменик се избираат од редот на редовните членови на Здружението.

Претседателот и неговиот заменик се избираат со мандат од 2 (две) години со право на реизбор на уште еден мандат.

Предложениот кандидат за Претседател на Собранието поднесува своја програма за работа.

## Член 26

Собранието на здружението:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа, насоки и план за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- усвојува завршна сметка и финансиски план;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на РМ, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира органи на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела на здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

## СОВЕТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 27

Собранието избира извршен одбор – Совет на здружението.

Советот на здружението се состои од 5 (пет) члена.

Советот го сочинуваат Претседателот на Здружението, Претседателите на комитетите А, Б и Ц, и еден член од контролорите на летање од Аеродромска контрола на летање – АКЛ Охрид.

### Член 28

Советот на здружението:

- ги подготвува седниците на собранието;
- го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа; и
- врши други работи.

### Член 29

Работата на Советот е јавна и истата се одвива на седници.

Претседателот на здружението или неговиот заменик ја врши функцијата Претседател на Советот и раководи со работата на седниците на Советот.

Одлуките на Советот се сметаат за донесени ако за нив гласале мнозинство од присустните членови.

Членовите на Советот се избираат за период од 2 (две) години.

### Член 30

Советот на Здружението за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

За својата работа Советот поднесува извештај пред Собранието најмалку еднаш во годината.

На барање на Собранието, за одредени прашања, Советот е должен да поднесе извештај во рок и на начин утврдени со одлуката на Собранието.

Член 31

Функцијата на Советот, неговите права и обврски ќе ги извршува Собранието додека бројот на Собранието не ја достигне бројката од 35 членови.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 32

Надзорниот одбор ги врши следните работи:

- врши надзор над употребата на материјалните средства на здружението;
- прегледува и утврдува дали книгите на здружението се водат уредно согласно законските прописи;
- врши надзор над изработка на периодичната и годишната пресметка;
- врши надзор над законитоста на донесувањето на актите;
- врши надзор над спроведувањето на одлуките кои ги донесува Советот;
- врши надзор врз остварување на целите и задачите на здружението.

Член 33

Работата на надзорниот одбор се одвива на седници.

Со седниците раководи Претседателот на надзорниот одбор кој се избира од редот на членовите на надзорниот одбор.

Член 34

За својата работа Надзорниот орган одговара пред Собранието на здружението и во таа смисла дава извештај за својата работа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 35

Претседателот на Здружението ги врши следниве работи:

- организира и раководи со работата на Здружението согласно годишната програма за работа;
- ги спроведува одлуките на Советот и Собранието;
- предлага донесување на упатства и други поединечни акти до Собранието и Советот;

- го застапува, претставува и ги потпишува актите на Здружението;
- свикува редовни и вонредни седници на Собранието;
- ги врши функциите Претседател на Собранието;
- донесува одлуки кои не се во надлежност на Собранието и Претседател на Советот;
- се грижи за спроведување на Статутот;
- врши и други работи предвидени со овој Статут и другите општи акти на здружението.

За својата работа одговара пред Советот и во таа смисла поднесува извештај за својата работа.

Член 36

За вршење на определени работи Претседателот на Здружението може да даде овластување – полномошно на едно или повеќе лица – членови на Здружението, за вршење на тие работи.

## НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА

Член 37

За остварување на целите и задачите и за извршување на работите набележани во овој Статут Здружението користи средства стекнати од:

- членарината на членовите;
- средства од донатори;
- доброволни прилози;
- основачки влогови;
- подароци;
- легати;
- завештанија;
- приходи од инвестиции;
- дејности со кои се стекнува добивка;
- средства со кои ќе се стекне Здружението во текот на своето работење преку организирање собири и стручни симпозиуми;
- материјално учество на одредени правни субјекти кои ќе учествуваат во конкретна реализација на дел од дејноста на Здружението;
- други приходи во согласност со Закон и со Статутот.

Член 38

Средствата на Здружението ќе се користат особено за:

- учество на меѓународни собири и состаноци;
- учество во соодветни облици на стручно усовршување;

- финансирање на стручни, спортски и рекреациски активности на членовите;
- пружање на солидарна и друга помош на членовите;
- за други намени во согласност со финансискиот план и со одлуките на Собранието.

Член 39

Со средствата на Здружението располага Советот на Здружението и истиот одлучува за нивната употреба и намена, согласно Планот за развој на здружението и согласно годишната програма за работа.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 40

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието кога ќе настанат следните услови:

- со одлука на сите членови на здружението;
- кога бројот на членовите ќе се намали за помалку од бројот кој е потребен за основање на здружение согласно со законот;
- доколку Собранието утврди дека немало никаква активност подолго од една година;
- ако со правосилна одлука на надлежен орган се забрани работата на Здружението;
- во други случаи предвидени со законот.

Член 41

Кога членовите ќе одлучат да престане Здружението, истите се должни да ги измират сите обврски на Здружението од неговиот имот.

Ако имотот на Здружението не е доволен да се измират обврските во нормални суми, членовите можат да одлучат да обезбедат средства до износот потребен за измирување на обврските на Здружението во полн износ.

Ако не се постигне спогодба во смисла на одредбите на став 2 на овој член ќе се постапи согласно со законот за стечајна постапка.

Член 42

Доколку Здружението престане да постои на било кој начин согласно со овој Статут или Законот преостанатите средства ќе се користат за измирување на обврските на здружението.

# ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Измената и дополнувањата на Статутот се вршат на начин и во постапка која важи за неговото донесување.

Измените и дополнувањата на другите општи акти на Здружението се вршат на начин и во постапка која важи за нивно донесување.

Член 44

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето со неговото усвојување од страна на Собранието, а ќе стапи на сила и ќе се применува и по извршениот упис и оверувањсто од страна на Централниот регистар на РСМ.

Претседател на Здружение
на контролори на летање на
Македонија – ЗКЛМ Илинден

Наташа Мијат Крстевска